# ЗАПИСНИК

од 22-ра седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
10 септември, 2024 г., Кавадарци

Присутни: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Митко Јанчев (Градоначалник на Општина Кавадарци), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Виолета Велкоска, (со овластување од Горан Герасимовски, Градоначалник на Општина Центар), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов Градоначалник на Општина Струмица).

Дискусија:

Управниот одбор го усвои и расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за пренесување на правото на сопственост врз движни ствари (моторни возила во сопственост на ЗЕЛС) на две општини.
2. Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности на предлог на општина Центар
3. Одлука за избор на член и негов заменик во организацијата АРЛЕМ
4. Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота на предлог на општина Аеродром
5. Разно

* * *

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за пренесување на правото на сопственост врз движни ствари (моторни возила во сопственост на ЗЕЛС) на две општини.

Присутните беа информирани за текот на постапката на утврдување на две општини како предлог до Управниот одбор на ЗЕЛС упатен од страна на Комисијата за разгледување на поднесените пријави од страна на повеќе општини. Имено, ЗЕЛС, согласно посебна Одлука на Управниот одбор со која се формираше и посебна комисија објави повик во кој беа содржани неколку утврдени критериуми и тоа: општината да ја има помирено членарината кон ЗЕЛС, општината да има најмногу 10 000 жители и општината да не припаѓа на Скопскиот плански регион и да имаат реална потреба од возило, што ќе се утврди од бројот на возила кои ги имаат во своја сопственост.

Комисијата одржа своја седница на ден 5 јули, 2024 г. и утврди предлог со кој на управниот одбор му предлага да донесе Одлука за доделување на по едно (од вкупни две возила во сопственост на ЗЕЛС) на две општини и тоа општина Центар Жупа и општина Зрновци како општини кои во целост ги исполнуваат утврдените критериуми, а со дополнителна анализа од страна на Комисијата се утврди предлог како што е доставен. Исто така, присутните беа запознати со информацијата дека Комисијата, покрај критериумите утврдени од страна на Управниот одбор, а содржани во објавата, ги зема во предвид и јавните податоци доставени до ДКСК преку кои се изврши увид во вкупната имотна состојба и бројот на возила со кои веќе располага соодветната општина.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одука со која го пренесува правото на сопственост врз движни ствари во сопственост на ЗЕЛС на општините Центар Жупа и Зрновци на двете со по едно возило без надомест.

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на иницијативата на општина Центар за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности

На седницата беше присутна г-ѓа Виолета Велкоска, Претседавач со Советот на општина Центар која ја образложи иницијативата напоменувајќи дека со промена на прописите кои ја уредуваат постапката на комуналните инспектори, утврдена е неусогласеност во одредбите, особено во Законот за комуналните дејности, каде и покрај тоа што е укината правната форма на издавање на мандатна казна, во одредбите од Законот сеуште стои дека во постапката на инспекциски надзор комуналниот инспектор треба да располага со овој прекршочно – правен инструмент „мандатна казна“, а наспроти тоа во прописите е воведен налог за порамнување преку парична глоба. При утврдувањето на предлог – иницијативата, општина Центар имала во предвид дека на овој начин постапката на изрекување на прекршочни мерки ќе биде отежнато заради правото на сторителот на прекршокот на правен лек до второстепен орган или до надлежен Суд, но дека на овој начин се зголемува опфатот на правата на граѓаните кои се делумно ограничени со оглед дека против мандатната казна не е допуштена жалба.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа и ја прифаќа иницијативата за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности доставен од страна на општина Центар и истиот ќе биде доставен до овластен предлагач заради понатамошна постапка на изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за избор на член и негов заменик во организацијата АРЛЕМ

Присутните беа запознати дека ЗЕЛС од неодамна е придружен член на оваа медитеранска организација која ги обединува општините и регионите од земјите од северна Африка, Јужна Европа, Блискиот Исток, а под покровителство на Европската Унија. Досегашен претставник на ЗЕЛС е градоначалникот на општина Радовиш кој ги информираше присутните за досегашните активности, особено што до сега се

одржани два состанока на оваа организација и тоа еден во Шпанија а вториот во Хрватска, но дека претстои состанок во државата Јордан кој треба да се одржи во месец ноември. Оваа организација до ЗЕЛС достави барање за известување за еден член и негов заменик со оглед дека мандатот на составот на телата и органите на оваа организација се обновува токму во овој период. Од таа причина, Управниот одбор на ЗЕЛС треба да избере еден член и еден негов заменик како претставници на ЗЕЛС а со тоа и на нашата држава во оваа меѓународна организација.

ОДЛУКА: За член и негов заменик во организацијата АРЛЕМ се реизбира градоначалникот на општина Радовиш, г. Ацо Ристов, а за негов заменик градоначалникот на општина Валандово и потпретседател на ЗЕЛС, г. Перо Костадинов.

**ЧЕТГВРТА ТОЧКА**: Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота на предлог на општина Аеродром

Општина Аеродром до ЗЕЛС достави иницијатива за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота во однос на висината на глобите за непрописно одлагање на кабаст и цврст отпад на места кои не се предвидени за нивно одлагање. Предлогот утврден со иницијативата е да бидат воведени драстични парични казни во висина од 3 до 5 илјади евра за непрописно одлагање на отпадот, како и конфискација на возилото. Присутните отворија дискусија за искуствата во своите општини кои се разликуваат во урбаниот и во руралните средини, каде што претежно диви депонии се формираат поради фрлање на остатоци од земјоделските култури, но за нив општината организирано во соработка со граѓаните од руралните места се справува со ваквата појава. Проблемот беше посочен кај големите компании кои произведуваат огромни количества на отпад, како и кај превозниците кои наплатуваат високци цени за одведување на шут при изградба, особено при изградба на индивидуални куќи или трговски објекти од мал обем. Во вакви околности, а оваа појава е најзабележителна на подрачјето на град Скопје, особено во општина Аеродром каде се формирани огромен број на диви депонии од градежен шут и кабаст отпад заради тоа што одлагањето не се врши во депонијата Дрисла, туку се создаваат т.н. „диви депонии“. Оттука, како што беше образложено, утврден е предлогот како претходно, односно воведување на драстични парични казни и мерка – конфискација на возилото со кое се врши превозот на отпадот.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа и ја усвои иницијативата за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота со кој ќе се утврдат високи парични казни и мерки – конфискација на возила со кои се врши превоз на отпадот кој нелегално се одлага.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. Распределба на средствата од ЈПДП

Беше отворена дискусија за потребата од навременото пренесување на средствата кои согласно Законот за јавните патишта им следат на општините, но според методологијата која е утврдена со Закон. Ова од причина што Државниот завод за ревизија констатираше недоследно искористување и пренесување на средствата за одржување, рехабилитација и реконструкција на патната инфраструктура.
Присутните побараа исплатата на средствата да се изврши во процентуален износ еднаков за сите, иако постојат предлози во првата транша да се пренесат средства во целосен износ за одредена категорија на општини (рурални или друга група општини) па со следната транша да се пренесат средства на останатите.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор заклучок дека е од голема важност распределбата на средствата кои општините ги добиваат од ЈПДП да се врши навремено, според реалната методологија корегирана согласно наодите од Државниот завод за ревизија и за сите општини истовремено. Општините нема да се откажат од побарувањата кои како намален износ не им биле префрлени во неколку претходни години.

Претседателот на ЗЕЛС со неколку членови од Управниот одбор ќе остварат итна средба со Директорот на јавното претпријатие, г. Трајановски.

2. Одлука за зголемување на платите на вработените во ЗЕЛС

Со посебните прописи кои се однесуваат на јавната администрација, а со тоа и на државните службеници во локалната самоуправа во текот на месец март и месец август им беа зголемени платите согласно утврдената методологија. Со оглед дека вработените во ЗЕЛС немаат статус на државни службеници, а согласно Статутот, висината на платата на предлог на Извршниот директор ја утврдува Управниот одбор, пред овој орган беше доставен предлог за зголемување на платите на вработените во стручната служба на ЗЕЛС за 15%.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука со која се зголемуваат платите на вработените во стручната служба на ЗЕЛС за 15%, а зголемувањето ќе се пресмета со платата за месец септември.

3. Иницијатива за донесување на Закон за легализација на бесправно изградени објекти

Градоначалникот на општина Кавадарци, пред членовите на Управниот одбор ја образложи иницијативата за донесување на Закон за легализација на бесправно изградени објекти, кој би бил надградба на сите досегашни предлози утврдени во текст на предлог - Закон кој беше неколку пати објавен. Со предлогот и понатаму не би се легализирале зградите како објекти за колективно домување, туку индивидуални куќи кои во моментот не може да се срушат, а се изградени на сопствено земјиште. Поради недостаток на урбанистички планови, покрај една нелегална градба се формира група од куќи кои почнуваат да прават и населба, а населбата започнува да станува дел од комуналната инфраструктура, иако

објектите се нелегални. Нити еден градоначалник нема да се осмели во текот на својот мандат да сруши толкав број на куќи заради непостоење на план. Иницијативата потекнува и од Законот за сопственост и други стварни права за кои општина Кавадарци бара од ЗЕЛС да се достави барање за автентично толкување на одредбите на истиот Закон кои може да се применат и во однос на предметите кои се водат заради бесправни градби.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе заклучок за формирање на работна група која ќе изготви барање за автентично толкување на одредбите од Законот за сопственост и други стварни права во однос на примена на истите во постапките на легализација на бесправно изградените објекти.

4. Иницијатива за изменување на прописите со кои ќе се изврши промена на сопственоста на броилата за снабдување на вода за пиење

   Општина Кавадарци до ЗЕЛС упатува уште една иницијатива за утврдување на обврска со пропис, броилата за снабдување со вода да бидат предадени на јавните претпријатија како даватели на оваа комунална услуга. Целта на ваквата реформа е што водоводните системи со мерењата покажуваат загуби со оглед дека заради застареност на водомерите истите регистрираат помали количини на потрошена вода. Доколку броилата (водомерите) би биле со пропис пренесени во сопственост на јавните претпријатија, истите би можеле да се грижат дека тие се во исправна состојба и на тој начин да ја намалат загубата на вода. Искуствено, пред неколку декади, овој систем како што се предлага сега функционирал во нашата држава.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја подржува иницијативата на општина Кавадарци и за ова барање ќе се обрати до надлежното министерство заради изготвување на обврска за предавање и управување со водомерите на јавните водоснабдителни претпријатија.

5. Иницијатива за реафирмирање на прашањето поврзано со противпожарната заштита.

   Градоначалникот на општина Македонски брод побара ЗЕЛС дополнително да се заложи за обезбедување на средства за надомест на трошоците за противпожарните единици кои се искористија заради огромните пожари кои ја зафатија нашата држава. Кон истото треба да се реафирмира и прашањето за согласностите за вработувања на нов кадар во противпожарните единици, прашањето за набавката на опремата, висината на блок дотација, примената на стандардот за еден пожарникар на 1500 жители итн.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја реафирмира потребата од итно решавање на прашањето со состојбата во противпожарната заштита, особено поврзана со висината на средствата и начинот на пресметката на истите за општините, заради што во најкраток можен рок ќе се организира средба со

Министерот за одбрана по што ЗЕЛС ќе изгради јасен став за своите барања кон Владата поврзани со противпожарната заштита.

6. Одлука за прифаќање на новата Методологија за реформа на образованието која ќе се одрази врз формулата за начинот на распределба на средствата.

   На предлог на градоначалникот на општина Радовиш, во својство на претседател на Комисијата за следење на системот на фискална децентрализација, Управниот одбор отвори дискусија во однос на отвореното прашање за кое се уште не е донесена одлука а кое се однесува на новиот метод на утврдување и пресметка на дотациите во областа на образованието. Дискусијата се прошири и врз останатите трансфери кои се очекува да се зголемат, а особено поврзано со взаемно прифатената обврска помеѓу Владата и ЗЕЛС за отворање на т.н. „буџетски преговори" преку кои треба да се утврди нагорен тренд на обезбедени средства за општините. Беше побарано да изврши ревидирање на критериуми за доделување на средствата наменети за инфраструктурни проекти согласно објавата на Владата.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ќе побара заедничка средба помеѓу ЗЕЛС и Владата заради отпочнување на дијалог кој се однесува на финансиската состојба на единиците на локалната самоуправа.

Кавадарци, 10.09.2024 г.

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС